рово, и годинава на 20 јануари ќе се одржи традиционалниот ратевски карневал „Бамбурци". Многувековната традицијата, која според месните жители трае најмалку 1000 години, е со маски изработени од природна кожа од животни со цел да ги растеруваат злите духови.

Годинава на карневалот, кој прерасна во голем интернационален настан, ќе учествуваат прилепските мечкари, познатите џамалари, неколку кукерски групи од Бугарија и уште многу креативни маски од регионот. Во културниот дел ќе настапат КУД „Китка" од Истибања, познатата група Копачка од с. Драмче и КУД „Димитар Беровски" од Берово.

Најстарите жители истакнуваат дека традицијата поврзана со овој ритуал на верскиот празник Свети Јован Крстител, не бил прекинат ниту една година. ■

■ СВЕТОТ ГИ ЧИТА МАКЕДОНСКИТЕ ПРИКАЗНИ

# Александар и Филип од Жан Митрев во светските он-лајн книжари




„Македонските приказни за Филип и Александар", книга за деца и возрасни напишана од нашиот познат кардиохирург Жан Митрев, може да се најде и во најголемите светски он-лајн книжари. „Macedonian Stories about Philip and Alexander" е објавена од AuthorHause, а достапна е и на сајтовите на „Амазон" и „Барнс и Нобл".

„Осумте раскази во оваа книга следат едни по други како сцени во филмот, а со едноставна нарација ги поврзуваат историските настани поврзани со големите македонски личности Филип и Александар. Приказните ги пренесуваат универзалните вредности врежани во историјата на човештвото. Во нив преовладува пораката дека мудроста и љубовта се најмоќното оружје за решавање на секојдневните животни ситуации, а љубовта кон татковината пак, е највисокото достигнување на човечкиот дух, засекогаш запишана во колективната меморија на еден народ", стои меѓудругото во објаснувањето за книгата на сајтот на AuthorHause.

Од маркетингот на оваа он-лајн книжара потенцираат дека инспиративните приказни од македонската историја на авторот Жан Митрев нудат визија за решавање на проблемите и ги учат младите читатели дека секој проблем во животот може да се реши преку соработка. Тие ја пренесуваат и пораката на авторот дека човекот може да ја допре вечноста преку своите дела.

Покрај биографијата на Жан Митрев пренесена е и неговата изјава „Оваа книга е израз на мојата почит кон Филип и вредностите на Александар и нивните достигнувања, изложување на нивните позитивни ликови како универзални вредности, кои треба да бидат амбиција на секој човек".

Он-лајн книжарата AutorHaus, (authorhouse.com) содржи изданија на автори од целиот свет, а своите услуги ги нуди и за потребите на холивудската филмска индустрија. ■ (Д.Т.)